# З А П И С Н И К

**од 18-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на ден 31 ви јануари 2023 година (вторник)**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 15.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите членови на Советот, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 18-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог – Одлука за бесплатен престој на децата во ЈОУ Детска градинка “Калинка” Валандово;
2. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
3. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;
4. Предлог – Правилник за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето;
5. Предлог – Одлука за донесување на урбанистички план за село Пирава, Општина Валандово;
6. Извештај за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2022 година;
7. Предлог – Програма заизградба, реконструкција, одржување и заштитаналокалнитепатишта и улицивоОпштинаВаландововo 2023година;
8. Предлог – Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година;
9. Предлог – Одлука за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година;
10. Предлог – Правилникза начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на “Фолк-Фест” Валандово за 2023 година;
11. Предлог – Програма за управување со отпад во Општина Валандово за период 2023-2025 година;
12. Извештај за реализацијата на Програмата за одржување најавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2022 година;
13. Предлог – Одлука за давање согласност за воведување на нови образовни профили во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово;
14. Извештај за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2022 година;
15. Предлог – Програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2023 година;
16. Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година;

17. Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2022 година;

18. Информација за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2022 година.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и едногласно беше усвоен.

Пред да се пристапи кон работа по усвоениот дневен ред беше отворена расправа по записникот од 17-тата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор, па записникот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Предлог – Одлуката за бесплатен престој на децата во ЈОУ Детска градинка "Калинка" Валандово образложение даде градоначалникот на Општина Валандово Перо Костадинов. Рече дека со носењето на оваа одлука Општина Валандово во целост ќе го надоместува целиот износ за децата кои се згрижени во градинките во сите населени места во општината, со месечен трансфер на средства од општинскиот буџет од ставката за социјални трансфери.Важноста на Одлуката е за 2023 година, но по истекувањето истата ќе се продолжи на неопределено време. Рече дека за носењето на оваа одлука очекува поддршка од сите советници.

Беше отворена расправа.

Јулија Тушевска се јави за збор. Рече дека убаво е да се помогне на луѓето во овие тешки времиња, но сака јавноста да биде запознаена дека и порано им се помагало на социјално загрозените луже и примatели на социјална помош и самохрани родители со ослободување на плаќање на градинка на нивните деца. Рече дека воопшто не е проблем оваа одлука да помине, бидејжи се работи за најмалите, межутор рече дека е проблем што општината ја направивме како социјален случај, како луѓето во неа да не можат да функционираат.рече дека земјоделието е донесено до дното, лужето не планираат да го засеат своите ниви.Рече дека тоа е така зошто нема идејни решенија за потребите на луѓето и дека на луѓето не им треба сожалување, туку им треба да им се вреднува трудот за да имаат пристоен живот.инаку рече дека Одлуката е за поздравување и истата ќе ја поддржатиако не знае колку таа же им го олесни самото функционирање на луѓето.

Претседателот на Советот Владимир Марков и даде забелешка на советничката Јулија Тушевска дека не се држи до точката на дневниот ред. Рече дека земјоделието не е на дневен ред туку Одлука за бесплатен престој на децата во ЈОУ Детска градинка "Калинка" Валандово.

Градоначалникот Перо Костадинов се јави со реплика. Рече дека жали што одлуката се поддржува, а потоа следи образложение. Рече дека многу е важно Буџетот на Општината да има социјална компонента и доколку таа не мисли така, таа не треба да биде дел од Советот на Општината. Општина Валандово им излеува во пресрет на ранливите групи на граѓани но и на сите други. Со тоа покажуваме како средствата од граѓаните повторно се враќаат кај граѓаните. Рече дека ако се зборува за политиканство може да се зборува до недоглед.И додаде дека ако сака да биде безобзирен до крај ќе каже дека пред 6 години претходната власт ќе му се ставеше крај на земјоделието во општината со инсталирањето на рудник. И рече дека иако декларативно, е ЗА оваа одлука, со оваа дискусија одлуката ја огрдила.

Јулија Тушевска се јави со контара реплика. Рече дек жал и е ако е така сфатена и дека не е фер ако некој има дополнително мислење да се оценува како политиканство. Овој став дека Општината е донеасена до дното е од граѓаните.Сите земјоделски производи останаа на нивите, па затоа вели дека на граѓаните им треба да си ги пласираат приозводите, а не сожалување.

Градоначалникот уште еднаш реплицираше. Рече дека Одлуката не е за пласирање на земјоделски производи, туку за бесплатен престој на деца во градинка и ја праша советничката Јулија Тушевска ако водеше сметка за земјоделието во општината, дали излезе на референдумот за отварање на рудникот и како гласаше.

Немаше други пријавенено за дискусија, па Одлуката за бесплатен престој на децата во ЈОУ Детска градинка "Калинка" Валандово беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 2

По Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година образложение имаше раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Таа рече дека направено е убаво презентирање на Буџетот кој поголем дел оди за плати и праша каде е развојната компонента и до каде е стигнато со департизацијата на институциите, дали е надмината или се повеќе се партизира. Го потсети градоначалникот на неговото интервју пред 4 години во кое зборуваше дека стопанството е комирано,а сега гледаме дека Општина Валандово се празни, луѓето бараат спас во иселувањето.

Градоначалникот се јави за реплика и рече дека не знае што и се случило на советничката, изгледа дека живее во паралелен универзум. Рече дека на дневен ред имаме точка Квартален извештај. Рече дека развојната компонента е видлива и секој нормален може да ја види и истата е распоредена во сите населени места. Рече дека нему му е битно мислењето на граѓаните кои се задоволни со новата инфраструктура распоредена во сите населени места. И забележа на советничката Јулија Тушевска дека покажува како не треба да изгледа соживотот во Општина Валандово, но тој нема тоа да го дозволи. Рече дека се распишани јавни набавки за проекти што значат капитална инфраструктура во индустриската зона. Околу партизацијата нема што да се коментира, бидејќи граѓаните не треба да се делат по партиска основа, а советниците треба да претставуваат пример.На констатацијата дека Општина Валандово го допрела дното рече дека Општина Валандово е на врвот, било на полето на граѓанската транспарентност, било на полето на стопанството. И забележа уште дека со посебна жар ја навредува Општината, а и самата е згрижена во општинска институција.и треба да образува и почитува. Рече дека од голема љубов кон соживотот тој не сака повеќе да се обраќа на дополнителните обвинувања.

Немаше други пријавено за дискусија, па Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година повторно образложение имаше раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова. Реќе дека се работи за технички пропусти во претходната Одлука и затоа сега се врши исправка на истата.

Беше отворена расправа.

Немаше никој пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Предлог – Правилникот за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето образложение имаше Душица Парнаркова, вработена во одделението за финансии во Општина Валандово.

Беше отворена расправа.

Немаше никој пријавено за збор, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15  гласа ЗА, 0 ПРОТИВ  и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 5

По    Предлог – Одлука за донесување на урбанистички план за село Пирава, Општина Валандово Образложение даде градоначалникот на Општина Валандово. Рече дека му е драго што денес се носи УП за с. Пирава за кој е добиена и согласност од Министерството за транспорт и врски и ги повика политичките опоненти да се вклучат во носењето на оваа одлука. Рече дека нема поголем доказ за развој на една општина од донесувањето на урбанистички план за населено место. Со ова може да се отпочне со постапка за изградба на нова детска градинка во с. Пирава  што ќе придонесе кон развој на Општината.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог – Одлука за донесување на урбанистички план за село Пирава, Општина Валандово беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Извештајот за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандовово 2022 година  образложение имаше вработената во општинската администрација  Анита Трајкова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Аспарух Москов. Праша зошто не се изградени планираните улици во с. Удово и каде се пренаменети средствата за нив. Забележа дека не треба да се спомнува наеселни места во Општината, туку треба точно да се знае за кое населено место се работи. Рече дека Извештајот за 2022 година е истиот од минатата година и истото се преповторува. Даде критика за надзорот дека не си ја завршил добро работата за паркот во с. Удово, бидејќи не е квалитетно направен.

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека секој со посета на улиците во Општината може да забележи кои улици се направени, а кои не. На секоја седница на Совет се кажува каде ќе се работи и дека средствата се префрлаат за наредната година. Со средствата одобрени од министерството за транспорт и врски и Светска банка се работи на улицата Моша Пијаде, а 1 000 000 денари има инвестиции за поврзување на Удово и Јосифово и отворен е еден влез.  Се асфалтира  улица во Балинци, во Пирава, а во наредниот период ќе се асфалтира во Калково, Марвинци, Удово и Балинци. Оваа година 17 000 000 денари се издвојуваат за изградба на локална инфраструктура што никогаш досега не се случило. За надзорот рече дека се избира по пат на јавна набавка и секој кој е заинетресиран, вклучувајќи го и советникот, кој може да се пријави. 6 000 000 денари рече дека се предвидени за инфраструктура во индустриската зона, а населението ги знае улиците кои се приоритет. Рече дека од утре се започнува со уредувањето на влезот во Валандово, тротоарите кај ТППЕ  и кај Здравствениот дома,ќе се работи улицата  Моша Пијаде во Јосифово, чија реконструкција трае 2 години поради прекини на постапката, но за еден месец би требало да се заврши. Рече дека Општина Валандово дава максимална предност на локалната инфраструктура. Во изминатиот период  беше даден акцент  на населените места, а во наредниот период ќе биде  Валандово и Казандол.

Аспарух Москов се јави со контра реплика. Рече дека барал појаснување  за улиците во с. Удово, а не за другите, а за надзор рече дека некој треба да сноси одговорност, бидејќи паркот  не е квалитетно  направен и предложи заедно да се оди и да се види колку оштетени плочки има од кои би можеле децата да се повредат.

Градоначалникот упати конта реплика и рече дека треба да се реагира благовремено, а  не да се чека да дојде седница  на Совет па  да се каже дека фалат плочки.

Немаше други пријавено за дискусија, па Извештајот за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандовово 2022 година беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА  и 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Предлог – Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2023 година градоначалникот даде појаснување веќе во претходната точка каде ќе се гради оваа година и рече дека се надева дека и советниците од опозицијата ќе ја гласаат оваа Програма.

Претседателот на Советот додаде дека во Програмата е ставена и пешачката патека во с. Марвинци која беше ставена во амандманот на Буџетот кој го поднесе опозицијата.

Немаше други пријавено за дискусија, па Предлог-Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2023 година беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

Предлог Одлуката за Предлог – Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година излагање имаше повторно Анита Трајкова

Беше отворена расправа и никој не се јави за збор, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА, 0 против, 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлука за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година и по излагањето на Анита Трајкова немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Правилник за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на “Фолк-Фест” Валандово за 2023 година образложение даде вработениот во општина Валандово Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог – Програмата за управување со отпад во Општина Валандово за период 2023-2025 година повторно образложение даде Глигорије Џилвиџиев.

По отворената расправа никој не се јави за збор па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 12

По Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2022 година никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 13

По Предлог – Одлука за давање согласност за воведување на нови образовни профили во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово беше повикана да даде образложение ВД директорката на училиштето, Ташка Гетова. Рече дека за да се прати барање за воведување на нови струки и образовни профили, потребно е Советот да даде согласност. Рече дека ова се прави се со цел да се задржат учениците во рамките на нашата општина. Рече дека дуалното образование е учење преку работа, со практична работа во компаниите со кои училиштето има склучено меморандуми за соработка. Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и точката бепе ставена на гласање и со 10 гласа ЗА, 4 ВОЗДРЖАНИ и 1 ИЗЗЕМЕН истата беше усвоена.

ТОЧКА 14

По Извештај за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2022 година беше повикан да даде образложение директорот на културниот дом Дејан Исиров.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 15

По Предлог – Програмата за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2023 година немаше пријавено за дискусија па истаат беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 16

По Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година беше повикана директорката Емилија Заева Костова да даде образложение.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА и 1 ИЗЗЕМЕН.

ТОЧКА 17

По Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2022 година беше повикан командирот на единицата Горан Дилберов да даде образложение.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 18

По Информација за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2022 година беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар<br>С.Х.Јовановиќ

Совет на ОпштинаВаландово<br>Претседател<br>Владимир Марков